Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-705/6
12.12.2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-705/1 од 19.9.2023 година поднесена од [redacted] против Агенција за вработување на Република Северна Македонија, за извршена дискриминација врз основ на возраст во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 11.12.2023 година го донесе следното:

# МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на возраст во областа на пристап до добра и услуги од страна на Агенција за вработување на Република Северна Македонија врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-705/1 од 19.9.2023 година, од [redacted], за сторена дискриминација врз основ на возраст во областа на пристап до добра и услуги, од страна на агенција за вработување на Република Северна Македонија.

Согласно наводите од претставката, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија објавила јавен оглас за активна мерка (ОП 2023 Мерка 4.1) – Обуки за напредни ИТ вештини наменет за невработени лица, при што како услов за учество во самиот оглас е наведено дека е потребно кандидатите да се активни баратели на работа евидентирани во АВРМ, со завршено средно образование, и да се на возраст до 40 години. Оттука, подносителката смета дека е дискриминирана, имајќи го во предвид фактот дека е на возраст од 43 години, со што не би ги исполнила условите за да учествува на погоре наведената обука, и покрај тоа што е активен барател на работа со степен на завршено образование – магистерски студии. Во продолжение на ова е истакнато дека нејзиниот работен век ќе трае уште најмалку две децении и следствено, подносителката смета дека ваквото ограничување врз основа на возраст не треба да постои, имајќи го предвид фактот дека целта на ваквите обуки е невработените лица да се стекнат со знаења и вештини кои би им помогнале да бидат конкурентни на пазарот на труд. На крајот на претставката е наведено дека подносителката е евидентирана како активен барател на работа уште од 2011 година, и смета дека не би дошло до ситуација каде некое лице кое е евидентирано како активен барател на работа за многу пократок период, да има предност пред нејзе за учество на вакви обуки поради фактот што возраста се јавува како дискриминаторски фактор при пријавувањето на истите. Во прилог на претставката беше поднесен и јавниот оглас на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија објавен на 1.8.2023 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 26.9.2023 година испрати Известување бр. 08-705/2 за произнесување по наводите од претставката до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

На ден 16.10.2023 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Агенцијата за вработување како одговор на претставката.

Во произнесувањето е истакнато дека Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија е надлежна за спроведување на активните програми и мерки за вработување содржани во годишниот Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, кои се усвоени од страна на Владата на Република Северна Македонија, по предлог на Министерството за труд и социјална политика. Во рамки на ваквиот оперативен план, наведено е дека со истиот на годишно ниво се утврдуваат активните програми и мерки за вработување кои ќе се имплементираат во текот на годината. Притоа, истакнато е дека на ниво на секоја поединечна мерка се дефинирани: цел на мерката, опфат (број на учесници), целни групи, вид и висина на поддршка, учесници во имплементација и останати елементи на конкретната мерка. Дополнително е образложено е дека ваквите програми и мерки за вработување се донесуваат врз основа на претходна анализа на потребите на пазарот на трудот и резултатите од имплементацијата на истите во изминатите години, како и консултации со останатите релевантни институции. Оттука, при утврдувањето на поединечните мерки и програми, особено се земаат во предвид специфичностите и потребите на поединечните целни групи, како и целта која треба да се постигне со конкретната мерка, како и да се има во предвид и целисходноста за трошењето на буџетот за спроведување на предметниот Оперативен план.

Во продолжение на произнесувањето, истакнато е дека во рамки на ваквиот Оперативен план има и други активни мерки со кои се таргетирани конкретни целни групи – млади лица до 29 години, жени, Роми, корисници на гарантирана минимална помош и останати. Притоа, на ниво на секоја поединечна мерка се дефинираат и конкретизирани критериуми и услови кои невработените лица треба да ги исполнат со цел да учествуваат во ваквите мерки. Следствено на ова, Агенцијата за вработување тврди дека таргетирањето и дефинирањето на поединечните активни мерки и целните групи во рамка на Оперативниот план е неопходно и потребно, како и дека се практикува и во сите останати држави.

Во однос на конкретната активна мерка чии услови ги оспорува подносителката како дискриминаторски - „Обука за напредни ИТ вештини", во произнесувањето се тврди дека се работи за мерка која има за цел да ги надгради вештините на невработените лица на возраст до 40 години во областа на информациските технологии, заради зголемување на нивната конкурентност, како и побрза интеграција на пазарот на трудот, поради што и како целна група во Оперативниот план била дефинирана онаа на невработени лица до 40 годишна возраст, евидентирани во АВРМ со завршено средно образование. Поради фактот што станува збор за напредна ИТ обука која се спроведува од страна на лиценцирани обучувачи, при што учесниците на истата добиваат меѓународно признат акредитиран сертификат, како и поради висината на износот на финансиските средства за секој од учесниците, се наведува дека претходно наведеното е фактор при дефинирањето на конкретната целна група за учество во оваа активна мерка за вработување.

На крајот на произнесувањето, Агенцијата за вработување истакнува дека предметниот Јавен повик е објавен врз основа и во согласност со утврденото во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот за 2023 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 27.10.2023 година испрати Известување бр. 08-705/4 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за труд и социјална политика, со цел прибирање на информации во однос на начинот на определување на целните

групи на поединечните обуки како активни мерки и предвидени согласно Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2023 година. Со предметното барање исто така беше потребно Министерството за труд и социјална политика да даде информација за начинот на определување на целните групи и нивото на опфат на поединечната мерка „Обука за напредни ИТ вештини".

На ден 23.11.2023 година, во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Министерството за труд и социјална политика.

Од Министерството за труд и социјална политика истакнуваат дека мерките за вработување кои се во рамките на секој годишен Оперативен план за вработување се однесуваат на невработени лица кои се евидентирани како активни баратели на работа. Образложувајќи дека има специфични мерки за вработување, како пример ја наведуваат мерката 2.3 во Оперативниот план за вработување од 2023 година - „Вработување лица со попреченост", при што нејзиното име кажува на која целна група на невработени лица се однесува. Дополнително како пример ја наведуваат мерката „Практикантство", за која како целна група се предвидени невработени млади од 15 до 29 години, и тоа во согласност со Европските иницијативи како шема за Гаранција на млади. Од страна на Министерството наведуваат и дека воведувањето на целна група невработени лица – активни баратели на работа со минимум завршено основно образование се базира на укажувањата од Европската Комисија – DG employment, како и фактичката состојба согласно која постојат голем број на лица кои во евиденцијата на Агенцијата за вработување се дел од оваа целна група.

Во продолжение на произнесувањето е наведено дека дигитализацијата како основа стои високо во агендата на Европската Унија како стратешка цел, а воедно и определбата на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за труд и социјална политика, со цел креирање на атрактивни, добро платени и одржливи работни места, како и овозможувајќи им на младите лица кои имаат интерес за изучување на напредни ИТ вештини, со истите да се стекнат во многу пократок период по нивното преминување од завршувањето на нивното образование на добро платено работно место. Оттука, наведено е дека во 2023 година ја зголемиле рамката на возрасната група која е вклучена во оваа мерка до 40 годишна возраст, со цел давање можност и вклучување на лица кои се повозрасни од 29 години, а кои би можеле да се квалификуваат за поатрактивно работно место. Во однос на степен на образование кои треба да го имаат апликантите, образложуваат дека како критериум е наведено минимум завршено средно образование, од причина што конкретните ИТ пакети се напредни, а не основни, и поради тоа е потребно некое повисоко ниво на почетно образование.

На крајот на произнесувањето, од Министерството за труд и социјална политика истакнуваат дека во однос на опфатот на лица со оваа мерка, настојуваат истиот секоја година да го зголемуваат поради атрактивноста на мерката, при што се имаат во предвид и ограничувањата во однос на буџетот со кој се располага за сите активни мерки за вработување содржани во годишниот Оперативен план за вработување.

Земајќи ги предвид наводите во претставката и произнесувањата по истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на Агенцијата за вработување на Р.С. Македонија врз подносителката Марина Спирова.

Имено, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација која согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација гласи:

*"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Дополнително на ова, конкретната активна мерка од Оперативниот план на Агенцијата за вработување за 2023 година не претставува дискриминација согласно член 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација кој гласи:

*(1) „Нема да се сметаат за дискриминација мерките и дејствата што се преземаат со единствена цел да се отстрани нееднаквото уживање на човековите права и слободи сè додека не се постигне фактичка еднаквост на лице или група, ако разликувањето е оправдано и објективно, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно соодветни и неопходни."*
*(2) „Мерките и дејствата од ставот (1) на овој член се временски ограничени и се применуваат се до постигнување на фактичка еднаквост на лица или група при уживање на нивните права."*
*(3) „Нема да се смета за дискриминација:*
*2) различниот третман на лицата врз некоја од дискриминаторските основи поради природата на занимањето или активноста или поради условите во кои се одвива тоа занимање, а која претставува суштинско или одлучувачко барање, целта е легитимна, а условот не го пречекорува потребното ниво за негова реализација."*

Согласно претходно цитираниот член, во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2023 година, како што е и истакнато во произнесувањето од Агенцијата за вработување, се дефинирани различни целни група за секоја поединечна обука, согласно претходно извршени истражувања како и статистики во однос на потребите на пазарот на трудот. Оттука, при увид во конкретниот оперативен план, Комисијата констатира дека за различни предвидени обуки како дел од активните програми и мерки за вработување, дефинирани се различни целни групи согласно потребите на пазарот, при што за секоја поединечна обука се дефинирани различни услови и целни групи, како на пример:

- 3.1 Обука на работно место кај конкретен работодавач, каде целна група се невработени лица од евиденцијата на АВРСМ (корисници на ГМП, жени, Роми, млади до 29 годишна возраст, лица со попреченост и долгорочно невработени);
- 3.2(б) Стручни обуки според барање на работодавачите, каде целна група се невработени лица од евиденцијата на АВРМ со минимум завршено основно образование;
- 3.2(в) Развој на вештини преку обуки за зголемување на вработливоста на ранливите повратници од земјите на ЕУ со особено внимание на Ромите (пилот-мерка), каде целна група се сите невработени лица.

Имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде дека кон подносителката Марина Спирова била сторена дискриминација врз основ на возраст, разгледувајќи го фактот дека ваквото дефинирање на критериумите и условите за учество во поединечните обуки предвидени како активни програми и мерки за вработување претставуваат афирмативни мерки и дејствија согласно член 7 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, при што разликувањето помеѓу кандидатите е оправдано и објективно, а средствата за постигнување на целите предвидени за секоја поединечна програма и мерка од Оперативниот план се пропорционални, односно соодветни и неопходни.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
12.12.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Агенција за вработување на Р.С. Македонија, ул. „Васил Горгов" бр. 43, 1000 Скопје
- Министерство за труд и социјална политика, ул. „Даме Груев" бр. 14, 1000 Скопје
- Архива на Комисијата

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk